Универзитет на Југоисточна Европа

SEEU CAREER CENTRE
IT'S TIME TO BLOOM

# Истражување за определбата на поранешните студенти на УЈИЕ 2019

# Содржина

Извршно резиме: ..... 5
Цел ..... 6
Методологија ..... 6
Резултати ..... 7
Ограничувања ..... 9
1. Резултати од истражувањето ..... 9
1.1 Кој учествуваше во истражувањето? ..... 10
1.2 Стапка на вработеност/невработеност ..... 12
1.2.1 Севкупна стапка на вработеност/невработеност ..... 12
1.2.2 Стапка на вработување по факултети ..... 15
1.2.3 Стапка на вработување според пол ..... 16
1.2.4 Стапка на вработување според јазикот на студирање ..... 17
1.2.5 Стапка на вработување според просекот на оценки ..... 17
1.2.6 Како дознавте за позицијата? ..... 18
1.2.7 Колку долго по дипломирањето се вработивте? ..... 19
1.3 Вработување по сектор ..... 19
1.3.1 Вработување според област ..... 19
1.3.2 Факултети во рамки на индустријата на вработување ..... 20
1.3.3 Пол и област на вработување ..... 24
1.3.4 Јазик на студии во индустријата за вработување ..... 25
1.3.5 Просек на оценки во индустријата на вработување ..... 26

1.3.6 Вработување според големината на компанијата ........ 27
1.4 Дали продолжувате на програма од вториот циклус? ........ 29
1.5 Подготовки за пазарот на трудот според студиска програма ........ 33
Препораки ........ 39

## Табела на графикони

Графикон 1. Распределба по факултет/оддел ... 10
Графикон 2. Распределба на испитаниците според пол ... 11
Графикон 3. Распределба на испитаниците по јазик на студии ... 11
Графикон 4. Стапка на вработеност на поранешните студенти на УЈИЕ ... 12
Графикон 5. Вид на вработување ... 13
Графикон 6. Причина за невработеност ... 13
Графикон 7. Причина за невработеност * Продолжување на магистерските студии ... 14
Графикон 8. Статус на вработеност по факултет ... 15
Графикон 9. Статус на вработување според пол ... 16
Графикон 10. Причина за невработеност според род ... 16
Графикон 11. . Статус на вработување според јазикот на студии ... 17
Графикон 12. Стапка на вработување со просек на оценки ... 18
Графикон 13. Како дознавте за позицијата? ... 18
Графикон 14. Колку долго по дипломирањето се вработивте? ... 19
Графикон 15. Вработување според сектор ... 20
Графикон 16. Вработување според област ... 20
Графикон 17. Вработување по области на Факултетот за БЕ ... 21
Графикон 18. Вработување по области на Факултетот за СНТ ... 21
Графикон 19. Вработување според области на Правниот факултет ... 22
Графикон 20. Вработување според области на Факултетот за ЈКК ... 23
Графикон 21. Вработување според области на Факултетот за СОН ... 23
Графикон 22. Распределба по род за вработување според област ... 24
Графикон 23. Јазик на студии во индустријата за вработување ... 25
Графикон 24. Просек на оценки во индустријата на вработување ... 26
Графикон 25. Вработување според големината на компанијата ... 27
Графикон 26 . Вработување по држава/регион ... 27
Графикон 27. Распределба на вработување во градовите во Северна Македонија ... 28
Графикон 28. Дали продолжувате на магистерски студии? ... 29
Графикон 29. Универзитет на студирање ... 30
Графикон 30. Студенти на  вториот циклус по факултети ... 30
Графикон 31. Студенти на вториот циклус по факултет и универзитет ... 31
Графикон 32. Студенти од вториот циклус по просек на оценки ... 31
Графикон 33. Студенти на вториот циклус на студии според статус на вработување ... 32

Графикон 34. Студенти од вториот циклус со причина за невработеност ........ 32
Графикон 35. Рангирање на студиската програма ........ 33
Графикон 36. Рангирање на студиската програма по факултет ........ 34
Графикон 37. Дали ви беа потребни дополнителни предмети за работата која ја работите сега? ........ 34
Графикон 38. Кои се причините поради кои не продолживте на магистерски студии ? ........ 35
Графикон 39. Кои се причините поради кои решивте да продолжите на магистерски студии на УЈИЕ ? ........ 36
Графикон 40. Дали би го препорачале Универзитетот на други ? ........ 36
Графикон 41. Предмет кој би го препорачале за вашата студиска програма ........ 37
Графикон 42. Вид на услуги ........ 37
Графикон 43. Профил на ИТ-компании ........ 38

## Табела на табели

Табела 1. Вработување според област на Правниот факултет (дополнителна поделба) ........ 22

# Извршно резиме:

## Цел

Извештајот за вработување е годишен извештај кој обезбедува податоци за статусот на вработување на дипломираните студенти од Универзитетот во Југоисточна Европа. Покрај тоа, Извештајот е подготвен со цел Универзитетот да добие информации за тоа кои работодавци од пазарот на трудот ги вработуваат студентите од УЈИЕ, колкав процент се вработуваат, на кои позиции, како и да се измери пазарот за идните студенти. Овие податоци ќе помогнат и во подобрување на нашата наставна сфера за да се задоволат потребите на пазарот на трудот за идните дипломци.

## Методологија

За да се контактираат дипломираните студентите, Студентскиот сервис на УЈИЕ ги обезбедува ажурираниот список од сите дипломирани студенти и сите потребни информации до Центарот за кариера. Извештајот се заснова на детално истражување генерирано преку контакти со дипломираните студенти преку директни телефонски повици и пополнување на онлајн формуларот (Google form).https://docs.google.com/forms/d/e/1FAIpQLSdUj7iMrrG0Xv19KCBds5wmG-uHLDMDWH9R6ESSNRMXvo_geA/viewform?vc=0&c=0&w=1). Но, за целите на овој Извештај, потребна е повратна информација од дипломираните студенти во однос на нивниот работен статус. Ова беше направено преку прашалник.

Прашалникот се состоеше од 30 прашања поделени на четири дела:

1. Фактички прашања: ИД, име, презиме, пол, јазик на студии, факултет, просек на оценки;
2. Статус на вработување: дали сте вработен, име на компанија, големина на компанијата, сектор, временски период;
3. Статус на магистерски студии: универзитет, факултет, град, земја;
4. Подготовки на УЈИЕ за потребите на пазарот на трудот: дали ви беа потребни дополнителни предмети за работата, колку факултетот ве подготвил за пазарот на трудот, дали препорачувате повеќе практични предмети?

Добиените одговори беа на формулари на Гугл, пренесени во табели и графикони во ексел формат и се достапни во канцеларијата на Центарот за кариера. Целта е овие податоци да бидат достапни преку неодамна воспоставениот

систем за е-архиви на УЈИЕ. Контактите се реализираа во периодот од 30.10.2019 година до 06.12.2019 година.

## Резултати

Првиот дел од истражувањето содржи фактички податоци. Од резултатите, најголем број од оние што одговорија на истражувањето, беа дипломираните студенти од Факултетот за бизнис и економија со 23, 1 %; а потоа дипломираните студенти од Факултетот јазици, култури и комуникација, со 21,2 %. Што се однесува до полот, вкупниот процент од оние кои се вклучија во истражувањето е 50,3 % машки и 49,6 % женски. Според јазикот на студии, дипломираните кои студирале на албански јазик се застапени со 75,6 %, оние кои студирале на англиски јазик 12,9 %, додека со македонски јазик на студирање се 11,4 %.

Целокупната стапка на вработеност на дипломираните од УЈИЕ од 2018 година е 59,87 %. Ако ја одземеме групата дипломирани студенти кои не се подготвени да работат по избор (породилно отсуство; магистерски студии; истражување; лични проблеми и други дипломирани студенти кои не сакаат да работат), стапката на вработеност на дипломираните од УЈИЕ е 70 %, а стапката на невработеност е 30 %. Од овие 87,60 % се вработени со полно работно време, 10,30 % се самовработени (кои поседуваат сопствен бизнис), а 1,03 % се вработени со скратено работно време и стажираат. Од вкупниот број невработени студенти, 37,6 % се изјасниле дека се невработени по избор.

Како и на ниво на факултет, највисока стапка на невработеност е на дипломираните студенти од Правниот факултет со 44,8 %, по што следат дипломираните од Факултетот за современи општествени науки со 37,7 %. Најниска стапка на невработеност годинава има кај дипломираните од Факултетот за современи науки и технологии, со 7,03 %.

Податоците за пол, јазик на студии и просек на оценки покажуваат дека женските дипломирани бележат поголема стапка на невработеност отколку машките со 34,1 %. На прашањето зошто се невработени, 41,5 % од женските дипломирани и 31,4 % од машките дипломирани одговориле дека тоа е по сопствен избор. Дипломираните кои студирале на албански јазик пријавуваат стапка на невработеност од 31,4 %, дипломираните кои студирале на англиски јазик пријавуваат стапка на невработеност од 20,5 %, а оние што студирале на македонски јазик пријавиле 25,8 % стапка на невработеност. Податоците од оваа година покажуваат дека студентите со просек на оценки помеѓу 7- 8 имаат најголема стапка на невработеност, и тоа 38,2 %. Дипломираните студенти со просек на оценки меѓу 9 и 10 имаат стапка на невработеност од 25 %, што покажува дека повеќето од нив вработени од оние со понизок просек на оценки. Студентите со висок просек на оценки бараат и понуди со најдобри работни места (тие се попребирливи) и не се подготвени да се вработат на кое и да било работно место што им се нуди.

Според начинот на кој дознале за нивната тековна работна позиција, 35,5 % од нив дознале од членовите на семејството; 24,07 % од Интернет и 14,9 % од Центарот за кариера на УЈИЕ.

Што се однесува до временскиот период, 20,6 % од дипломираните студенти на УЈИЕ изјавиле дека биле вработени пред дипломирањето; а 29,3 % од дипломираните студенти се вработиле во 1-3 месеци по дипломирањето. Како што може да се забележи, 73 % од нашите дипломирани студенти се вработени во последната година од студиите или во првите шест месеци по дипломирањето.

Извештајот содржи податоци за секторот на вработување во зависност од факултетот. Дипломираните студенти од Факултетот за бизнис и економија главно се вработени во трговија (48,9 %) и во услуги (26,5 %). Дипломираните студенти од Факултетот за современи науки и технологии најмногу се вработени во ИТ (60,5 %) и во услуги (15,7 %). ) Дипломираните од Правниот факултет (48,1 %) се вработени во услуги и во трговија (22,2 %). Не е изненадувачки, главниот работодавач на дипломираните студенти од Факултетот за јазици, култури и комуникација оваа година се секторитеобразование и услуги (26,1 %), а потоа следуваат други индустрии (23,8 %). Од дипломираните студенти на Факултетот за современи општествени науки (28,9 %) се вработени во други индустрии, трговија (26,3%), а потоа следат услуги (15,7 %).

Според градовите во кои дипломираните од УЈИЕ засновале вработување, може да се забележи дека 26,8 % од нив работат во Тетово, 27,8 % во Скопје и 10,3 % во Гостивар. Оваа година, процентот на дипломираните кои се вработиле во Европа и во други неевропски земји е приближно 24,1 % што претставува висок процент.

Универзитетот сака да го знае процентот на студенти кои продолжуваат на магистерските студии. Од резултатите, 65,10 % од дипломираните не продолжуваат со вториот циклус и 34,80 % од нив продолжуваат на магистерските студии. Поголемиот дел од дипломираните студенти кои се запишуваат на вториот циклус на студии го продолжуваат своето образование на УЈИЕ, додека 8 % во Европа и 3,5 % одат на магистерски студии на други универзитети. Овие резултати го покажуваат интересот на нашите студенти да ги продолжат своите студии на истиот универзитет, а не на другите универзитети.

Имаше дел каде што студентите требаше да одговорат дали студиската програма ги подготви за пазарот на трудот. 34,50 % од нив одговориле дека програмата за студирање на факултет ги подготвила за пазарот на трудот, 63,50 % премногу, 10,10 % неутрални.

На прашањето дали нашите дипломирани - поранешни студенти ќе им го препорачаат Универзитетот на други

студенти, речиси сите (98,40 %) изјавиле да, што покажува дека се задоволни од УЈИЕ.

Во однос на прашањето за предметите за кои дипломираните студенти на УЈИЕ - Алумни сметаат дека треба да се додадат во постојните студиски програми и според нивните повратни информации, 84,80 % предлагаат практични предмети, 5,80 % професионални вештини, 1,8 % други вештини, 5,5 % општи вештини, а само 1,80 % од нив ги навеле теоретските предмети. Според резултатите се забележува дека нашите студиски програми вклучуваат доволно теорија; она на што треба да се фокусираме е практичниот дел.

## Ограничувања

Некои од тешкотиите што произлегоа од овој процес беа тоа што некои од студентите го промениле својот број за контакт, или тие се меѓународни студенти, како што е случајот со студентите од Турција, Албанија и од Косово. Алтернативниот начин за пронаоѓање на овие студенти беше преку социјалните мрежи, како што се: LinkedIn, Facebook и Instagram од PR Office-Webmaster. Ова сочинува 14 % од собраните податоци.

На прашањето во однос на индустријата каде што нашите дипломирани студенти се вработија, категоријата „други“ е претставена со втор најголем процент, следствено на тоа со овој извештај се предлага да додадеме повеќе категории од областа на работењето за поточно да се идентификува нивниот сектор за вработување.

## 1. Резултати од истражувањето

Примерокот за оваа година беше избран врз основа на нивната календарска година на дипломирање 2018 година.

Вкупниот број анкетирани  дипломирани студенти  од 2018 година беше 457. Првичната намера беше да се вклучат сите дипломирани студенти, но некои од нив не сакаа да одговорат на истражувањето, па големината на примерокот беше сведена на 364 дипломирани. Од вкупниот број на оние кои се подготвени да одговорат на истражувањето, достигнавме до бројот 324; стапката на одговор за истражувањето е 89 % (324 од 364). Податоците се собрани преку телефонски интервјуа, LinkedIn, Facebook и Instagram. Собраните податоци првично се внесени во табелата на ексел и последователно се пренесени во pivot табели, каде што се обработени / анализирани користејќи едноставна квантитативна анализа и мултиваријативна анализа (вкрстена анализа).

Со вкупна стапка на одговор од 89 %, наодите од истражувањето се верува дека се многу сигурни и валидни. Поради постојаните високи стапки на одговор на варијабилно ниво, не се дадени информации за нив во овој извештај. Овие податоци и излезни резултати од анализата се достапни и може да се побараат во секое време во Центарот за кариера.

## 1.1 Кој учествуваше во истражувањето?

Овој прв дел дава преглед на распределбата на испитаниците во истражувањето заснована врз варијаблите за класификација: факултет, пол и јазик на студии.




| | БЕ | СНТ | ПРАВЕН | ЈКК | СОН |
|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно | 75 | 51 | 61 | 69 | 68 |
| Процент | 23.10 % | 15.70% | 18.80% | 21.20 % | 20.90% |

*Графикон 1. Распределба по факултет/оддел*

Во графиконот 1 се претставени повратните информации на дипломираните според нивниот факултет. Најголем број испитаници се од Факултетот за бизнис и економија со 23, 1 %; а потоа следуваат дипломираните студенти на Факултетот за јазици, култури и комуникација, со 21, 2 %. Најмал број испитаници се дипломирани студенти од Факултетот за современи науки и технологии, со 15,7 %.




| | Женски | Машки |
|---|---|---|
| Вкупно | 161 | 163 |
| Процент | 49.6% | 50.3% |

*Графикон 2. Распределба на испитаниците според пол*

На графикон 2 е прикажан процентот на учесници врз основа на нивниот пол. Севкупниот процент на мажи е 50,3 %, а на жени 49,6 %.




| | Албански | Македонски | Англиски |
|---|---|---|---|
| Вкупно | 245 | 37 | 42 |
| Процент | 75.60% | 11.40% | 12.90% |

*Графикон 3. Распределба на испитаниците по јазик на студии*

Според јазикот на студии, вкупниот процент на дипломирани кои студирале на албански јазик е 75,6 %. Оние што студирале на англиски јазик сочинуваат приближно 12,9 %, а дипломираните студенти со македонски јазик се застапени со 11,4 %.

## 1.2 Стапка на вработеност/невработеност

Во овој дел се дадени резултатите во врска со стапката на вработеност на дипломираните студенти на УЈИЕ од 2018 година. Целокупната стапка на вработеност е претставена во делот 1.2.1, по испитувањето за можните статистички значајни односи помеѓу варијабилата статус на вработеност и различните варијабли за класификација.

### 1.2.1 Севкупна стапка на вработеност/невработеност

Целокупната стапка на вработеност на дипломираните од УЈИЕ од 2018 година (графикон 4) е 59,87 %. Ако ја одземеме групата дипломирани студенти кои не се подготвени да работат по избор (породилно отсуство; магистерски студии; истражувања; лични проблеми и други дипломирани студенти кои не сакаат да работат), затоа што ова е група студенти кои не бараат работа, и тие не можат да се сметаат како група студенти што бараат/аплицираат за работа, стапката на вработеност на дипломираните студенти од УЈИЕ е 70 %, а стапката на невработеност кај нив е 30 %. Деталните описи на стапката на вработеност се прикажани на графиконите 6 и 7.




| | Невработени | Вработени |
|---|---|---|
| Вкупно | 130 | 194 |
| Процент | 40.1% | 59.8% |

*Графикон 4. Стапка на вработеност на поранешните студенти на УЈИЕ*




| | Вработени во редовен работен однос | Самовработени (сопствен бизнис) | Вработени со скратено работно време | Стажирање |
|---|---|---|---|---|
| Вкупно | 170 | 20 | 2 | 2 |
| Процент | 87.60 % | 10.30% | 1.03% | 1.03% |

*Графикон 5. Вид на вработување*

Според вработените дипломирани студенти, 87,60 % се вработени со полно работно време, 10,30 % се самовработени (тие поседуваат сопствен бизнис), а 1,03 % се вработени со скратено работно време и се на стажирање.




| | Не можам да се вработам | По избор |
|---|---|---|
| Вкупно | 81 | 49 |
| Процент | 62.3% | 37.6% |

*Графикон 6. Причина за невработеност*

Од вкупниот број невработени студенти (40,1 %), прикажан на графиконот 4, има две категории претставени на графиконот 6: оние кои се невработени по избор (воопшто не бараат работа), а другата категорија кои бараат работа, но не можат да најдат. Како што може да се види на графиконот 6, 37,6 % посочиле дека се невработени по избор, тоа е нивна одлука (воопшто не бараат / аплицираат за работа). Од друга страна, 62,3 % од оние кои не се вработени воопшто не можат да најдат работа, бараат и аплицираат, но не се вработени. Дополнителните мерења во однос на стапката на дипломирани студенти кои продолжуваат на магистерски студии се дадени во делот 1.4.




*Графикон 7. Причина за невработеност * Продолжување на магистерските студии*

Графиконот 7 и графиконот 4 даваат детален опис на причината за невработеност на студентите од УЈИЕ. Како што е прикажано на графиконот 4, стапката на вработеност на студентите во УЈИЕ е приближно 60 % и нивната стапка на невработеност е 40%.

При анализирање на невработеноста (40 %) од дипломираните студенти на УЈИЕ и на причините за нивната невработеност, 15 % од оние невработени се запишуваат на магистерски студии. Во оваа категорија, 8 % студираат по избор (така што само сакаат да студираат и воопшто да не бараат работа), а 7 % студираат заради невработеност (но во меѓувреме бараат работа).

Од друга страна, од другата половина, од невработените дипломирани студенти 25 % се група студенти кои се или невработени по сопствен избор (8 % не аплицираат за работа, лични проблеми, породилно отсуство) или невработени бидејќи не можат воопшто најдат работа (аплицираат, но не можат да се вработат).

Во оваа бројка, не се додадени групи на студенти кои продолжуваат со магистерските студии, но се вработени во исто

време. Графиконот 7 прикажува само детален опис на причините за невработеност.

Дополнителни мерења во однос на стапката на дипломирање кои завршуваат магистерски студии се дадени во делот 1.4.

### 1.2.2 Стапка на вработување по факултети

Графиконот 8 ги прикажува резултатите за статусот на вработување на дипломираните по факултети. Како што може да се види, највисока е стапката на невработеност на дипломираните од Правниот факултет со 44,8 %, а потоа следат дипломираните од Факултетот за современи општествени науки со 37,7 %. Најниска стапка на невработеност годинава има кај дипломираните од Факултетот за современи науки и технологии, со 7,03 %. Студентите по компјутерски науки обично се вработени уште додека студираат и ова искуство им помага претходно да изградат кариери и да го зголемат процентот на вработеност за СНТ на 92,60 %. Што се однесува до другите факултети, студентите од Факултетот за бизнис и економија имаат стапка на вработеност од 76,50 %, а потоа следат 70 % од студентите од Факултетот за јазици, култури и комуникација, 62,20 % од дипломираните студенти од Факултетот за современи општествени науки и 55,10 % од оние кои дипломирале на Правниот факултет.




| | БЕ | СНТ | ПРАВЕН | ЈКК | СОН |
|---|---|---|---|---|---|
| Невработени | 23.40 % | 7.30% | 44.80% | 30% | 37.70% |
| Вработени | 76.50 % | 92.60% | 55.10% | 70% | 62.20% |

*Графикон 8. Статус на вработеност по факултет*

### 1.2.3 Стапка на вработување според пол

На графиконот 9 и 10 е прикажан статусот на вработување според полот. Како што може да се види, женските дипломирани студенти имаат повисока стапка на невработеност со 34,1 % од машките дипломирани со 25,3 %. Ако ја анализираме стапката на вработеност на дипломираните студенти, можеме да видиме дека машките повеќе се вработени (74,6 %) од женските (65,8 %).




| | Вработени | Невработени |
|---|---|---|
| Машки | 74.6% | 25.3% |
| Женски | 65.8% | 34.1% |

*Графикон 9. Статус на вработување според пол*




| | Не можам да се вработам | По избор |
|---|---|---|
| Машки | 68.5% | 31.4% |
| Женски | 58.4% | 41.5% |

*Графикон 10. Причина за невработеност според род*

На прашањето зошто се невработени, меѓу дипломираните, 41,5 % од женските и 31,4 % од машките одговориле дека тоа е по избор. Графикон 10 покажува колку дипломирани не можат да најдат вработување, при што резултатите покажуваат дека 68,5 % од машките и 58,4 % од женските не биле во можност да најдат работа.

## 1.2.4 Стапка на вработување според јазикот на студирање

Како што може да се види од графиконот подолу, постојат разлики помеѓу дипломираните кои студирале на албански и оние кои студирале на англиски и на македонски, според нивната невработеност. Дипломираните кои учат на албански јазик пријавуваат стапка на невработеност од 31,4 %, дипломираните кои студирале на македонски јазик пријавуваат стапка на невработеност од 25,8 %, а оние кои студираат на англиски јазик имаат стапка на невработеност од 20,5 %. Според резултатите, највисока стапка на вработеност на дипломираните студенти е 79,4 % на оние кои студираат на англиски јазик, а потоа следат оние на македонски јазик со 74,1 % и најниската стапка на дипломирани студенти по основ на вработување се однесува на оние кои се регистрирани на албански јазик со 68,5 %. Овој графикон ја покажува потребата на пазарот на трудот за дипломирани студенти, чиј јазик на студии е англискиот, затоа што тие вработуваа дипломирани кои исто така го владеат и англискиот јазик.




| | Албански | Македонски | Англиски |
|---|---|---|---|
| Невработени | 31.4% | 25.8% | 20.5% |
| Вработени | 68.5% | 74.1% | 79.4% |

*Графикон 11. . Статус на вработување според јазикот на студии*

## 1.2.5 Стапка на вработување според просекот на оценки

На графиконот 12 е прикажан статусот на вработување кај студентите според просекот на оценки. Годинешните податоци покажуваат дека студентите со просек на оценки од 7-8 имаат најголема стапка на невработеност, 38,2 %. Дипломираните студенти со просек на оценки од 9 до 10 имаат стапка на невработеност од 25 %, што укажува дека тие повеќе се вработени од оние со понизок просек на оценки. Студенти со висок просек на оценки ги бараа и понудените најдобри работни места (повеќе се селективни) и не беа подготвени да најдат вработување на кое и да било работно место што им се нуди. Што се однесува до стапката на вработеност, дипломираните со просек на оценки помеѓу 9-10 имаат најголема стапка на вработеност од 75 %, по што следат оние кои имаат просек на оценки е 6-7 со 73 %. Помалку вработените се дипломирани студенти со просек на оценки 7-8 со 61,70 %. Деталите за секторот за вработување се дадени во делот 1.3.




| | 6--7 | 7--8 | 8--9 | 9--10 |
|---|---|---|---|---|
| Вработени | 73.00 % | 61.70% | 72.80% | 75.00% |
| Невработени | 27.00 % | 38.20% | 27.10% | 25.00% |

*Графикон 12. Стапка на вработување со просек на оценки*

## 1.2.6 Како дознавте за позицијата?

Според вработените дипломирани, 35.5 % од нив дознале за тековната позиција на работа од членовите на семејството; 24. 07 % од Интернет и 14.9 % од Центарот за кариера на УЈИЕ. Најнизок степен на информации се забележани во однос на весниците, кои имаат само 4.60 %.




| | ЦК на УЈИЕ | Интернет | Весник | Политичка партија | Член од семејството | Друго |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Процент | 14.90 % | 24.70% | 4.60% | 6.10% | 35.50% | 13.90% |

*Графикон 13. Како дознавте за позицијата?*

### 1.2.7 Колку долго по дипломирањето се вработивте?

Како што е прикажано во графиконот подолу, 20.6 % од дипломираните посочиле дека биле вработени пред дипломирањето; а 29.3 % од дипломираните студенти се вработиле 1-3 месеци по дипломирањето. Како што може да се забележи, 73 % од нашите дипломирани студенти се вработени во последната година од студиите или во првите шест месеци по дипломирањето.




| | Пред дипломи-рање | 01-03 месеци | 04-06 месеци | 07-09 месеци | 10-12 месеци | Повеќе од 1 година |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Процент | 20.60% | 29.30% | 23.10% | 8.70% | 5.60% | 12.30% |

*Графикон 14. Колку долго по дипломирањето се вработивте?*

## 1.3 Вработување по сектор

Во следниот дел се наведени податоци за секторот за вработување. Вреди да се забележи дека под поимот „сектор“ во овој извештај се наведуваат три категории: јавен, приватен и друго. Сепак, ова не дава многу детали во однос на вработувањето на дипломираните студенти. Втората вклучена варијабла е индустријата, која овозможува подетален опис на вработувањето на постдипломски студии во однос на определбата.

Овие две варијабли се испитани за можните поврзувања со неколкуте варијаблите на класификација, но вклучени се само оние случаи за кои е докажано дека статистички се релевантни.

### 1.3.1 Вработување според област

Според секторот, бројката подолу покажува дека приватниот и јавниот сектор имаат приближно ист процент дури и во однос на стапката на вработеност. 42 % од дипломираните студенти на УЈИЕ се вработени во приватниот сектор и 41 % од вкупниот број дипломирани студенти вработени во јавниот сектор. Односот помеѓу секторот за вработување и јазикот на студирање е претставен во делот 1.3.4.




| | Јавен | Приватен | Друго |
|---|---|---|---|
| Вкупно | 41% | 42% | 18% |

*Графикон 15. Вработување според сектор*




| | Образование | Влада | Трговија | Услуги | ИТ | Медиуми | Друго |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Процент | 9.7% | 5.6% | 23.1% | 25.2% | 13.4% | 5.1% | 17.5% |

*Графикон 16. Вработување според област*

Овој тренд е претставен и на графиконот 16; прикажани се податоци на ниво на индустрија, при што делот „услуги“ е претставен со 25.2 % и „трговија“ со 23.1 %, па двете области се најголемите работодавци на дипломираните студенти од УЈИЕ. Секторот „друго“ сè уште е претставен со 17,5 % што покажува простор за повеќе поделби поврзани со секторот за вработување во иднина.

### 1.3.2 Факултети во рамки на индустријата на вработување

**Факултет за бизнис и економија**

Како што може да се види од графиконот 17, дипломираните студенти од Факултетот за бизнис и економија се вработени во категориите на индустрија вклучени во ова истражување. Односно трговија со 48,9 % и услуги 26,5% се индустриите кои вработуваат најмногу дипломирани студенти од Факултетот за бизнис и економија.




| | Трговија | Услуги | Медиуми | Образование | Друго | ИТ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Percent | 48.9% | 26.5% | 6.1% | 4.0% | 12.2% | 2.0% |

*Графикон 17. Вработување по области на Факултетот за БЕ*

**Факултет за современи науки и технологии**

Дипломираните студенти од современи науки и технологии најмногу се вработени во ИТ со 60.5 % и во услуги 15,7 %. Помалку застапени сектори се: образование, трговија, медиуми и друго.




| | Образование | Трговија | Услуги | Медиуми | ИТ | Друго |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Процент | 5.2% | 5.2% | 15.7% | 2.6% | 60.5% | 10.5% |

*Графикон 18. Вработување по области на Факултетот за СНТ*

## Правен факултет

48.1 % од дипломираните студенти се вработиле во услуги“и 22.2 % во трговија.  Другите најчесто  се вработени во влада со 18.5 %, а другите индустрии со 11.1 %.




| | Влада | Трговија | Услуги | Друго |
|---|---|---|---|---|
| Процент | 18.5% | 22.2% | 48.1% | 11.1% |

*Графикон 19. Вработување според области на Правниот факултет*

| Област Право | Процент |
|---|---|
| **Јавни институции** | 22.2% |
| **Друго** | 51.8% |
| **Нотари** | 25.9% |

*Табела 1. Вработување според област на Правниот факултет (дополнителна поделба)*

Во табелата 1 е прикажан процентот на дипломирани студенти по право вработени според секторот. Според табелата, најголем процент вработеност има во други институции со 51.8 %, што укажува дека има потреба од повеќе поделби во следниот извештај за вработување, а потоа нотари“ со 25.9 % и јавните институции со 22.2 %.

## Факултет за јазици, култури и комуникација

Не е изненадувачки, најголем работодавач на дипломираните студенти од Факултетот за јазици, култури и комуникации оваа година се секторите образование и услуги со по 26,1 %, по што следат други индустрии со 23,8 %, медиуми со 14,2 % и трговија со 7,1 %.




| | Образование | Медиуми | Трговија | Услуги | Друго | ИТ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Процент | 26.1% | 14.2% | 7.1% | 26.1% | 23.8% | 2.3% |

*Графикон 20. Вработување според области на Факултетот за ЈКК*

## Факултет за современи општествени науки

Како што може да се забележи од графиконот, 28,9 % од дипломираните од Факултетот за современи општествени науки се вработиле во други индустрии, додека 26,3 % од нив работат во трговија и во услуги 15,7 %.




| | Образова ние | Влада | Трговија | Услуги | ИТ | Друго |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Процент | 10.5% | 15.7% | 26.3% | 15.7% | 2.6% | 28.9% |

*Графикон 21. Вработување според области на Факултетот за СОН*

### 1.3.3 Пол и област на вработување

Како што може да се види од графичката презентација подолу, не постои голема разлика во стапките на вработеност на машките и на женските во специфични сектори за вработување, иако постојат сектори во кои е позастапен едниот пол.




| | Образование | Влада | Трговија | Услуги | ИТ | Медиуми | Друго |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Машки | 4.5% | 8.2% | 25.6% | 22.0% | 17.4% | 4.5% | 17.4% |
| Женски | 16.4% | 2.3% | 20.0% | 29.4% | 8.2% | 5.8% | 17.6% |

*Графикон 22. Распределба по род за вработување според област*

Анализирајќи го најголемиот работодавец на дипломирани студенти од УЈИЕ, машките повеќе се вработени во Трговија со 25,6 % и услуги со 22,0%. Машките помалку се вработени во медиуми и образование, со 4,5 %. Од друга страна, женските се повеќе вработени во услуги со 29,4 %.

Женските помалку се вработени во влада со 2,3 % и медиуми со 5,8 %.

### 1.3.4 Јазик на студии во индустријата за вработување

Нема голема разлика во дисперзијата на дипломираните во специфични индустрии за вработување во однос на јазикот на студии. Но, евидентно некои сектори се повеќе застапени во однос на јазикот на студии.

Поранешните студенти на УЈИЕ кои студирале на албански јазик повеќе се застапени во индустриите како трговија со 27 %, услуги со 25.6 % и други со 15,2 %, додека помалку се вработени во медиуми со 5,5 % и образование со 6,2 %. Дипломираните кои студирале на македонски јазик повеќе се застапени во услуги и во други со 26,0 %, по што следат образование со 17,3 %, а многу малку во влада и во медиуми со приближно 4,3 %. Дипломирани студенти со англиски јазик на студии најмногу се вработени во образование, услуги и во други со 22,2 %, а нема вработени во влада.




| | Образование | Влада | Трговија | Услуги | ИТ | Медиуми | Друго |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Албански | 6.20% | 6.90% | 27.00% | 25.60% | 13.10% | 5.50% | 15.20% |
| Македонски | 17.30% | 4.30% | 8.60% | 26.00% | 13.00% | 4% | 26.00% |
| Англиски | 22.20% | 0% | 14.80% | 22.20% | 14.80% | 4% | 22.20% |

*Графикон 23. Јазик на студии во индустријата за вработување*

### 1.3.5 Просек на оценки во индустријата на вработување

Следниов графикон ја покажува поврзаноста помеѓу варијаблите просек на оценки и индустрија на вработување. Како што може да се види од графиконот, постои поврзаност помеѓу овие две варијабли.

Иако се застапени во сите сектори, дипломираните студенти и со висок и со низок просек на оценки претежно се вработени во истите индустрии. Дипломираните студенти со висок просек на оценки најчесто се вработени во услуги 28 %, а потоа следат ИТ со 22,2 %, медиуми и влада со 3 %. Дипломираните студенти со просек на оценки (8-9) најмногу се вработиле во трговија со 26 %, а помалку се вработени во влада со 2 %. Од друга страна, дипломираните студенти со просек на оценки (7-8) најмногу се вработиле во услуги со 26,10 %, помалку се вработени во влада со 4,7 %. Дипломираните со низок просек на оценки најмногу се вработени во услуги со 28,7 %, а најмалку се вработени во медиуми со 2,7 %.




| | Образование | Влада | Трговија | Услуги | ИТ | Медиуми | Друго |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 6--7 | 4.10% | 9.50% | 24.60% | 28.70% | 10.90% | 2.70% | 19.10% |
| 7--8 | 14% | 4.70% | 24% | 26.10% | 10% | 9.50% | 11.90% |
| 8--9 | 12% | 2% | 26% | 16% | 14% | 7% | 23% |
| 9--10 | 14% | 3% | 17% | 28% | 22% | 3% | 14% |

*Графикон 24. Просек на оценки во индустријата на вработување*

## 1.3.6 Вработување според големината на компанијата




| | Микрофирми (0-9 вработени) | Мали фирми (10-49 вработени) | Средни фирми (50-249 вработени) | Голема компанија (над 250 враб.) |
|---|---|---|---|---|
| Вкуп. | 35,50% | 39,10% | 14,40% | 10,80% |

*Графикон 25. Вработување според големината на компанијата*

Според големината на компанијата и државата-регионот, огромното мнозинство на дипломирани студенти се вработени во мали фирми (со 10-49 вработени) 39,1 %, а потоа следат микрофирми (со 0-9 вработени) со 35,5 %. Според големината на фирмата, дипломираните студенти од 2018 година помалку се вработени во големите фирми (со над 250 вработени), со 10,8 %.




| | Македонија | Косово | Европа | Други | САД | Албанија |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно | 74.70% | 5.06% | 12.30% | 4.60% | 1.50% | 1.00% |

*Графикон 26 . Вработување по држава/регион*

Како што може да се види на графиконот погоре, 74,7 % од дипломираните студенти се вработиле во Северна Македонија, 12,3 % во европските земји, 5,06 % во Косово, 4,60 % во другите места и Албанија и САД се претставени со 1 %.




*Графикон 27. Распределба на вработување во градовите во Северна Македонија*

Во графиконот 27 е прикажана распределбата на вработување во градовите во Северна Македонија. Како што може да се забележи, 26,8 % од дипломираните се вработиле во Тетово, 27,8 % во Скопје, а 10.3 % во Гостивар. Дипломираните оваа година се вработиле во Европа и во други неевропски држави со 24,1 %, што претставува висок процент.

## 1.4 Дали продолжувате на програма од вториот циклус?

На графиконот 28 е прикажан вкупниот број дипломирани студенти на УЈИЕ кои студираат на магистерски студии. 65,10 % од дипломираните студенти не продолжуваат со вториот циклус, а 34,80 % од нив продолжиле на магистерски студии. Постои дополнително прашање во кое се испитуваат причините поради кои не продолжуваат на магистерските студии.




| | Не | Да |
|---|---|---|
| Серија 1 | 65.10 % | 34.80% |

*Графикон 28. Дали продолжувате на магистерски студии?*

Универзитетот сака да дознае каде продолжуваат со студиите нашите поранешни студенти. Поголемиот дел од дипломираните студенти (84,9 %) кои се запишуваат на вториот циклус го продолжуваат своето образование на УЈИЕ, додека 8 % од нив во Европа и 3,5 % продолжуваат со магистерските студии на други универзитети. Овие резултати го покажуваат интересот на нашите студенти да ги продолжат своите студии на истиот универзитет отколку на другите универзитети.




| | УЈИЕ | УКИМ | САД | Европа | Друго |
|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно | 84.90% | 1.70% | 1.70% | 7.90% | 3.50% |

*Графикон 29. Универзитет на студирање*

Имајќи ја предвид стапката на дипломирани студенти кои продолжуваат со магистерски студии на секој факултет, на графиконот 30 јасно е прикажано дека на Правниот факултет (27,4 %) и на Факултетот за бизнис и економија (24,7 %) дипломираните претежно го продолжуваат своето образование по завршувањето на додипломските програми. Оваа година, дипломираните студенти од Факултетот за јазици, култури и комуникација се претставени со 18,50 %, дипломираните од Факултетот за современи науки и технологии со 15,90 %, а потоа следуваат дипломираните од Факултетот за современи општествени науки со 13,20 %, кои се чини дека помалку се заинтересирани за продолжување на магистерските студии.




| | ФБЕ | ФСНТ | ПФ | ФЈКК | ФСОН |
|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно | 24.70% | 15.90% | 27.40% | 18.50% | 13.20% |

*Графикон 30. Студенти на вториот циклус по факултети*




| | ФБЕ | ФС НТ | ПФ | ФЈКК | ФС ОН |
|---|---|---|---|---|---|
| УЈИЕ | 89.20% | 55.50% | 93.50% | 90.40% | 86.60% |
| УКИМ | 0.00% | 0% | 3.20% | 0% | 6.60% |
| Европа | 0% | 38.80% | 3% | 5% | 0% |
| Друго | 10.70% | 0.00% | 0% | 4.70% | 0.00% |
| САД | 0.00% | 5.50% | 0.00% | 0.00% | 6.60% |

*Графикон 31. Студенти на вториот циклус по факултет и универзитет*

На графиконот 31 е прикажана поврзаноста меѓу уписот на студиите од вториот циклус според факултет и универзитет. Најголем број студенти од Факултетот за бизнис и економија продолжуваат на вториот циклус на УЈИЕ, 89,2 %. Процентот на студентите запишани на магистерски студии на УЈИЕ од Факултетот за современи науки и технологии е 55,5 %, а потоа следат универзитетите во Европа, со 38,8 %, што покажува многу близок процент од овие студенти кои се подготвени да ги продолжат студиите во странство, а не на УЈИЕ. Со процент од 9,5 %, студентите од Правниот факултет ги продолжуваат магистерските студии на УЈИЕ, а студентите од Факултетот за јазици, култури и комуникации кои се запишуваат на вториот циклус на УЈИЕ е со 90,4 %. Студентите од Факултетот за современи општествени науки се запишуваат за да ги продолжат магистерските студии на УЈИЕ со 86,60 %.




| | 6--7 | 7--8 | 8--9 | 9--10 |
|---|---|---|---|---|
| Вкупно | 20.3 0% | 23.00% | 27.40% | 29.20% |

*Графикон 32. Студенти од вториот циклус по просек на оценки*

На графиконот 32 е прикажана поврзаноста помеѓу студентите на магистерски студии и нивниот просек на оценки. Највисок процент од оние кои продолжуваат со магистерските студии се дипломирани студенти со просек на оценки 9 -10 и 8-9, соодветно со 29,20 % и 27,40 %. Најнискиот процент на оние кои продолжуваат со магистерските студии се оние со просек на оценки помеѓу 6-7 со 20,30 %.

На графиконите 33 и 34 се испитува поврзаноста помеѓу варијаблите за продолжување на вториот циклус, статусот на вработеност и причината за невработеност. Како што може да се види од графиконот 34, дипломираните студенти кои не можат да се вработат продолжуваат со магистерски студии. 46 % од магистрантите се невработени, додека 45,1 % се вработени со полно работно време. 54 % од магистрантите по избор се невработени, а 54 % не можат да се вработат.




| | Невработени | Вработени со полно раб. време | Самовработени (сопствен бизнис) | Стажирање |
|---|---|---|---|---|
| Вкупно | 44% | 45% | 10% | 1% |

*Графикон 33. Студенти на вториот циклус на студии според статус на вработување*




| | Не можам да се вработам | По избор |
|---|---|---|
| Вкупно | 46% | 54% |

*Графикон 34. Студенти од вториот циклус со причина за невработеност*

## 1.5 Подготовки за пазарот на трудот според студиска програма

Во овој дел, студентите одговораат на прашањето дали студиската програма ги подготви за пазарот на трудот. Варијаблата е измерена на скала од Ликрет со пет точки (1 = многу малку и 5 премногу).

Сепак, бидејќи ова прашање се однесува на студиската програма, а не на Универзитетот воопшто, се дава уште подобра слика кога се размислува за факултетот на студии. Резултатите од оваа анализа на вкрстено сумирање се прикажани во графиконот 36.

34,50 % од студентите одговориле дека програмата за студирање на факултет ги подготвила за пазарот на трудот: 63,50 % премногу, а 10,10 % неутрални. Оваа година немаше ниту еден кој одговори многу малку.




| | 5 – Премногу | 4 – Многу | 3 – Средно | 2 – Малку | 1 – Многу малку |
|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно | 63,50 % | 25,30 % | 10,10 % | 0,90 % | 0,00 % |

*Графикон 35. Рангирање на студиската програма*




| | ФБЕ | ФСНТ | ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ | ФЈКК | ФСОН |
|---|---|---|---|---|---|
| 5-Премногу | 57.80% | 68.60% | 60.60% | 69.50% | 61.70% |
| 4- Многу | 30.60% | 21.50% | 29.50% | 20.20% | 23.50% |
| 3-Неутрално | 10.60% | 9.80% | 9.80% | 10.10% | 10.20% |
| 2-Малку | 0.00% | 0% | 0.00% | 0.00% | 4% |
| 1-Многу малку | 0.00% | 0% | 0% | 0.00% | 0% |

*Графикон 36. Рангирање на студиската програма по факултет*

На графиконот 36 се прикажани средните вредности постигнати на факултетот за да се направи споредба. Како што најдобро може да се види од средната вредност, од дипломираните од Факултетот за јазици, култури и комуникација 69,50 % истакнале дека се многу задоволни, а 68,60 % од дипломираните од Факултетот за современи науки и технологии се претежно задоволни од нивната студиска програма.




| | Да | Не |
|---|---|---|
| Вкупно Total | 13.40% | 86.50% |

*Графикон 37. Дали ви беа потребни дополнителни предмети за работата која ја работите сега?*

За да го измериме квалитетот на студиската програма и како Алумните се соочуваат со нивното вработување, додадовме прашање, дали би им биле потребни дополнителни предмети преку кои подобро ќе се подготват за нивната тековна работа. Според резултатите можеме да видиме дека на 13,4 % од дипломираните им биле потребни дополнителни предмети, а на 86,5 % не им биле потребни дополнителни предмети за работата што ја работат.




| | Развој на кариера | Финансиски проблеми | Студиска програма | Друго | Академски кадар | Административен кадар |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно | 3.30% | 16.50% | 0.90% | 12.70% | 0.40% | 0.90% |

*Графикон 38. Кои се причините поради кои не продолживте на магистерски студии ?*

Анализирајќи ги стапката на вработеност на дипломираните студенти и начинот на кој тие се соочуваат со пазарите на трудот, деловните промени и потреби, Универзитетот сака да дознае зошто нашите дипломирани студенти не ги продолжиле магистерските студии. Според нивните одговори, на графиконот 38 може да забележиме дека 16,5 % од нив изјавиле дека ги прекинале студиите поради финансиски проблеми, додека 12,7 % поради други причини. 3,30 % не ги продолжиле своите студии поради развој на кариерата. Помалку од 1 % од нив не се задоволни од административниот, академскиот кадар и студиската програма, што претставува низок процент. Овие проценти покажуваат дека нашите дипломирани студенти се задоволни од дипломата и од условите и вработените на УЈИЕ. Повеќемина не ги продолжуваат магистерските студии се дипломирани студенти кои бараат вработување, а потоа би продолжиле со магистерските студии.




| | Развој на кариера | Финансиски проблеми | Студиска програма | Лични работи | Меѓународна диплома | Академски кадар | Административен кадар |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Процент | 50.40% | 1.70% | 11.50% | 10.60% | 3.50% | 15.90% | 6.10% |

*Графикон 39. Кои се причините поради кои решивте да продолжите на магистерски студии на УЈИЕ ?*

На прашањево: Која е  причината поради која се решивте да продолжите со магистерските студии, 50,40 % се одлучиле поради развој на кариерата и 11,50 % поради студиската програма. Само 10,60 % од нив изјавиле дека продолжиле поради лични работи.




*Графикон 40. Дали би го препорачале Универзитетот на други ?*

На прашањето дали нашите дипломирани студенти - алумни ќе го препорачаат Универзитетот на други студенти, речиси сите, 98,40 % дале потврден одговор, што покажува дека се задоволни од УЈИЕ.




| | Општи вештини | Друго | Практични предмети | Професионални вештини | Теоретски предмети |
|---|---|---|---|---|---|
| Процент | 5.50% | 1.80% | 84.80% | 5.80% | 1.80% |

*Графикон 41. Предмет кој би го препорачале за вашата студиска програма*

Во однос на прашањето: Кои предмети дипломираните студенти на УЈИЕ – сметаат дека треба да се додадат во постојните студиски програми?, 84,80 % предлагаат практични предмети, 5,80 % професионални вештини, 1,8 % други вештини, 5,5 % општи вештини и само 1,80 % од нив укажале на теоретски предмети. Се чини дека нашите студиски програми вклучуваат доволно теорија; она на што треба да се фокусираме е практичниот дел.




| | Сметководство | Банка | Осигурување | Правни услуги | Друго | Социјални работи | Консултантски услуги |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Процент | 4.00% | 16.30% | 4.00% | 14.20% | 40.80 % | 6.10% | 14.20% |

*Графикон 42. Вид на услуги*

Потребата да се знае видот на услуги во кои нашите дипломирани се вработуваат е причината зошто додадовме дополнителни поделби. Според табелите наведени подолу, можеме да видиме дека 40,80 % работат во други услуги. 16,3 % работат во банки, 14,20 % во правни услуги и во консултантски услуги. Најнизок процент, само 4 % од дипломираните студенти работат во сметководствени компании и осигурување.

Што се однесува до студентите по компјутерски науки, може да се забележи дека повеќето од нив, 39,40 %, работат во компании за програмирање и развој на софтвер, додека ангажманот на 21 % од нашите дипломирани студенти по компјутерски науки се однесува на компјутерски науки и истражување, на 15,7 % на други области и на 7,80 % на обука и поддршка. Најнизок процент на дипломирани студенти по компјутерски науки опфаќа веб и интернет и телекомуникации, со само 2,6 %.




| | Програмирање и развој на софтвер | Графички дизајн и мултимедија | Компјутерски науки и истражување | Друго | Обука и поддршка | Веб и интернет | Продажба | Телекомуникации |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Процент | 39.40% | 5.20% | 21.00% | 15.70% | 7.80% | 2.60% | 5.20% | 2.60% |

*Графикон 43. Профил на ИТ-компании*

## Препораки

- Нашите поранешни студенти – алумни одговориле дека тие следеле обука откако се вработиле; треба да прашаме која обука ја следеле. Овие податоци ќе му помогнат на Универзитетот да понуди предмети како слободни изборни предмети во следните години и да понуди обука преку Центарот за развој на бизнисот.
- Што се однесува до искуствата и понатамошниот развој: анализите на тековниот извештај упатуваат на заклучокот дека во оваа фаза има 30 % од студентите кои не се во можност да се вработат. Универзитетот треба да размисли да понуди предмети за време на нивниот студиски процес за развој на кариерата: пишување биографија (CV), мотивационо писмо, техники за интервју, алатки за барање работа, јазици и слично.
- Универзитетот треба да ги охрабри дипломираните студенти да соработуваат Бизнис-центарот за иновации (Технолошкиот парк) со идеи за старт ап, така што тие ќе подготват успешен бизнис-план веднаш откако ќе ги завршат студиите.
- 84,80 % од нашите поранешни студенти – алумни изјавија дека треба да додадеме попрактични предмети. Универзитетот треба да размисли кои предмети се потребни за потребите на пазарот на трудот.
- 65 % од нашите поранешни студенти – алумни одговориле дека не следат магистерски студии. Универзитетот треба да направи повеќе анализи во врска со причините поради кои студентите на УЈИЕ не продолжуваат со понатамошни студии.